Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 60, 16 мај 2011 година

мај 2011 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно- научната област електротехника на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент од областа транспортна механизација на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент во наставно-научната област енологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент во областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области електротехника и електромашинство на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент/ вонреден професор за наставно-научната област стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент/помлад асистент за подрачјето биотехнологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област дизајнирање на текстил и облека - на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 44

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по основи на природните науки за одделенска настава“ од д-р Снежана Ставрева-Веселиновска и асистент Милена Ѓокиќ, Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ/ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРОТЕХНИКА НА ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2302-239/5 од 22.12.2010 год., донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Електротехничкиот факултет одржана на 22.12.2010 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на ***насловен доцент/насловен вонреден професор*** за наставно-научната област ***електротехника*** на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот беше објавен на 7.12.2010 во весникот „Дневник" и во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Драган Миновски за избор во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област *електротехника*. По прегледување на приложената документација на кандидатот и анализа на неговата наставно-научна и научноистражувачка дејност, до Наставно-научниот совет на Електротехничкиот факултет го поднесуваме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Рецензентската комисија по прегледување на документите на кандидатот д-р Драган Миновски, констатира дека кандидатот ги исполнува условите за избор во насловно звање пропишани со Законот за високото образование и пристапи кон анализа на наставно-образовната и научноистражувачката дејност, изложена подолу.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Драган Миновски** е роден на 4 февруари 1980 год. во Скопје, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во Скопје, со континуиран одличен успех, при што учествува во голем број школски, градски и републички натпревари по математика и физика, каде освојува бројни награди.

Високото образование го завршува на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во периодот од 1998 до 2004 год. Дипломира на насоката Електроенергетика.

Своето образование го продолжува на докторските студии при Технички универзитет во Братислава, Словачка, каде успешно го брани докторскиот труд со наслов „*Влијанието на обновливите извори на електрична енергија врз сервисните служби во електроенергетскиот систем и функционален модел на пазар на сервисни служби и регулациона енергија во Република Македонија*" во 2009 година.

Професионалното работно искуство го започнува веднаш по дипломирањето, во периодот 1 јули 2004 – 31 август 2005 година, како советник во Министерството за економија на Република Македонија - Сектор за енергетика и минерални ресурси.

Од 19 октомври 2009 година до денес е вработен во ТЕ-ТО АД Скопје, како помошник во производство, задолжен за изработка на дневни номинации за производство на електрична енергија, оптимизирање на производството на комбинирана постројка во пазарно опкружување, анализа на пазарот на електрична енергија во соседството и во Република Македонија, оперирање со гасна турбина, оперирање со комбинираната постројка.

***Д-р Драган Миновски е коавтор на следниве студии:***

1. Dopady vplyvu nárastu výroby elektriny z OZE vyvedenych do distribučnych sustav na prevadzkovateľa prenosovej sustavy a učasnikov trhu s elektrinu

(Влијанието од зголеменото производство на електрична енергија од обновливи извори

приклучени на дистрибутивната мрежа врз преносниот систем-оператор и врз учесниците на пазарот со електрична енергија);

2. Definovanie modelu trhu s popisom väzieb medzi všetkými účastníkmi trhu, prevádzkovateľom prenosovej sústavy, zúčtovateľom odchýlok a potenciálnym operátorom trhu

(Дефинирање на модел на пазар со попис на сите учесници на пазарот со електрична енергија, преносниот систем-оператор, операторот за пресметка на отстапувањата, како и потенцијалниот оператор на пазар);

3. Prosredky na odstránenie barier transparentnosti a poskytovania údajov učasnikom trhu v SR, ako nastraoj podpory rozvoja trhu a zabespečenie nediskriminačneho spravania sa SEPS A.S: v úlohe PPS a zučtovateľa odchýlok voči učasnikom trhu

(Предлози за отстранување на бариерите за транспарентност и додавање на податоците на учесниците на пазарот во Република Словачка, како средство за поддршка на развојот на пазарот и обезбедување на недискриминантно однесување на СЕПС А.С. Словачкиот преносен систем-оператор во улога на оператор на преносниот систем и пресметувач на отстапувањата во очи на учесниците на пазарот со електрична енергија)

***Д-р Драган Миновски е коавтор на следнава книга:***

4. “Model Trhu s elektrinou” (Модел на пазар на електрична енергија) prof. Ing. František Janíček PhD., Ing. Jaroslav Kubinec, Ing. Miroslav Skornik, Ing. Juraj Sedivy, Ing. Marek Pipa PhD., Ing. Dragan Minovski PhD., Ing. Igor Sulc;, ISBN 978-80-89402-11-3; Bratislava 2009.

***Наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност***

Кандидатот д-р Драган Миновски во текот на своите докторски студии на Техничкиот универзитет во Братислава, Словачка, е задолжен и за изведување на настава, односно одржување на аудиториски вежби по предметите: Разводни постројки и Релејна заштита. Учество во изработката на бројни електроенергетски студии, проекти од областа на електроенергетиката, како и во изработка на стручна литература. Во текот на својата работа во Министерството за економија извршува повеќе дејности: советување на инвеститорите за развојните можности, трошоците, техничките барања, природните можности, како и легислативните барања на можните хидроенергетски проекти, термоенергетски проекти, гасни проекти и обновливи извори на електрична енергија во Република Македонија. Учество во изработката на бројни електроенергетски студии и долгорочни стратегии.

***Објавени трудови и соопштенија на конференции и симпозиуми:***5. I

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | во земјава | во странство | |
| Вежби | 4 | | 0.2 | 0.8 |
| **Научноистражувачка дејност (НИ)** | | | | |
| Трудови објавени во зборник на трудови од конференции<br>- во странство трудовите под број: 7, 9, 10, 11, 13, 14, 15, 16 и 17<br>- во земјава трудовите под број:<br>5, 6, 8 и 12. | 13 | 4 | 9 | 22 |
| Учество на научен собир со реферат (усно)<br>- во странство со трудовите под број: 7, 9, 10, 11, 13, 14, 15, 16 и 17<br>- во земјава со трудовите под број:<br>5, 6, 8 и 12 | 13 | 4 | 9 | 24 |
| Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | 8 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Монографија или научна книга<br>- наведена под број 4 | 1 | | 1 | 15 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | | |
| Елаборати и експертизи<br>- наведени под број 1, 2 и 3 | 3 | | 3 | 12 |
| **ВКУПНО (НО+НИ+ САОР)** | | | | **81.8** |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од анализата на биографските податоци на д-р Драган Миновски, како и од прегледот на документите приложени кон пријавата и целокупните достигнувања во научната, наставната и стручната област, заклучуваме дека кандидатот располага со високи научни и образовни квалитети потребни за доцент. Од направениот преглед, согласно со Правилникот за единствениот критериум за избор во звања на Универзитетот „Гоце Делчев“, заклучуваме дека кандидатот д-р Драган Миновски го има потребниот број на бодови за избор во насловен доцент. Откако го прегледа научното творештво на д-р Драган Миновски, Рецензентската комисија смета дека кандидатот располага со знаење од области кои се важни за електротехниката и смета дека неговото научно творештво е такво што овозможува да даде значителен придонес во работата на Електротехничкиот факултет. На крај, заклучуваме дека кандидатот д-р Драган Миновски ги исполнува сите законски и други услови за прием и му предлагаме на Наставно-научниот совет на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ **да го избере д-р Драган Миновски во насловно звање доцент за наставно-научната област *електротехника***.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Вангел Фуштиќ, с.р.**
**Проф. д-р Тодор Делипетров, с.р.**
**Проф. д-р  Атанас Илиев, с.р.**